Влада на Република Северна Македонија

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Enti publik qendrandërkomunale
për punë sociale e qytetit
Бр. Nr. 4503/1
22.12.2021

**Врз основа на член 211 став 1 и 2 и член 212 став 1, став 2, став 5 став 6 и став 7 од** Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20,)„ а по добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства 18-11157/2 од 20.12.2021 г., заведена со наш број 0302-4499 од 22.12.2021 година **Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објавува:**

## ИНТЕРЕН ОГЛАС 07/2021

**за пополнување на слободни работни места со унапредување на пет (5) извршители даватели на јавна услуга во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, објавува интерен оглас за унапредување на пет (5) извршители на неопределено време на следниве позиции:

- 2 (два) Водители на случај – социјални работници- СО30303А04020 – во Служба за права на парична помош за Општина Куманово и Старо Нагоричане, (1) еден во Оддел за права на парична помош – Општина Куманово и (1) еден во Оддел за права на парична помош – Општина Старо Нагоричане и дел од Општина Куманово
- 1 (еден) Водител на случај -психолог - СО30303А04021 - во Служба за за услуги од социјална заштита, Оддел за заштита на деца, возрасни и стари лица и други услуги согласно законот за социјална заштита
- 1 (еден) Супервизор – социјален работник -СО30303А03007- во Служба за права на парична помош за Општина Куманово и Старо Нагоричане, Оддел за права на парична помош – Општина Куманово
- 1 (еден) Координатор – социјален работник -СО30303А02002 - во Служба за права на парична помош за Општина Куманово и Старо Нагоричане, Оддел за права на парична помош – Општина Старо Нагоричане и дел од Општина Куманово

Кандидатите за унапредување за секое погоре наведено рааботно место треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово и Законот за социјална заштита:

Општите услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

Секој кандидат треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово:

1. За два (2) **Водители на случај – социјални работници-** СО30303А04020,на нивото А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство (социјална работа и социјална политика),

Општи работни компетенции на средно ниво се:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- финасиско управување

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нетоплата изнесува **28.868,00 денари.**

2. За **Водител на случај – психолог** - СО30303А04021 ,на нивото А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство (психологија),

Општи работни компетенции на средно ниво се:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- финасиско управување

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нетоплата изнесува **28.868,00 денари.**

3. За **Супервизор – социјален работник** -СО30303А03007,на нивото А3 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство (социјална работа и социјална политика),


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

Општи работни компетенции на средно ниво се:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- финасиско управување

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нетоплата изнесува 29.926,00 **денари.**

4. За **Координатор на оддел-СО30303А02002**,на нивото А3 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство (социјална работа и социјална политика, социологија, правни науки),

Општи работни компетенции на средно ниво се:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- финасиско управување

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нетоплата изнесува **30.456,00 денари.**

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга, вработен во ЈУ Меѓуопштински центр за социјална работа Куманово, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во закон и актот за систематизација, како и :

– да е оценет со оцена „4" или „5 " при последното оценување,

– да поминал најмалку две години на тековното работно место и

– да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка по овој оглас.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 работни дена сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас. Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

-Уверение за државјанство;

-Доказ за општа здравствена способност;

-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

-Доказ за соодветното работно искуство;

-Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование;

-Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Пријавата со потребната документација треба да се достави преку архива на: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, ул.Тодор Велков бр.4, Куманово до организационална единица за управување со човечки ресурси.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

**Директор**
**Александра Арсовска**



Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово

Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија

+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk